**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-28

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на ВИТ КОРН ХОЛДИНГ Б.В., со седиште на Пиетер Бастстраат 6X, 1071 TB Амстердам, Холандија, МИЛИЈА БАБОВИЌ, со живеалиште на Лацковиќева 4, 11000 Белград, Република Србија, и СТЕФАН БАБОВИЌ, со живеалиште на Јеврем Грујиќ 24, 11000 Белград, Република Србија, доставено преку Андреа Лазаревска, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 09.03.2026 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која ВИТ КОРН ХОЛДИНГ Б.В., со седиште на Пиетер Бастстраат 6X, 1071 TB Амстердам, Холандија, МИЛИЈА БАБОВИЌ, со живеалиште на Лацковиќева 4, 11000 Белград, Република Србија, и СТЕФАН БАБОВИЌ, со живеалиште на Јеврем Грујиќ 24, 11000 Белград, Република Србија, ќе стекнат заедничка контрола над друштвото Дијамант ДОО Зрењанин, со седиште на улица Темишварски друм 14, Зрењанин 23000, Република Србија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на 30.01.2026 година, дополнето на 02.02.2026, 09.02.2026, на 13.02.2026 и на 16.02.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од страна на ВИТ КОРН ХОЛДИНГ Б.В., со седиште на Пиетер Бастстраат 6X, 1071 TB Амстердам, Холандија, МИЛИЈА БАБОВИЌ, со живеалиште на

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail:kzk@kzk.gov.mk

Лацковиќева 4, 11000 Белград, Република Србија, и СТЕФАН БАБОВИЌ, со живеалиште на Јеврем Грујиќ 24, 11000 Белград, Република Србија, со која истите ќе стекнат заедничка контрола над друштвото Дијамант ДОО Зрењанин, со седиште на улица Темишварски друм 14, Зрењанин 23000, Република Србија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

ВИТ КОРН ХОЛДИНГ Б.В е дел од МК групата на друштва и е холдинг друштво кое е дел од дивизијата на МК групата активна во земјоделскиот сектор. Работењето на друштвата во рамките на МК Група се организирани во пет дивизии: земјоделска дивизија, финансиска дивизија, која вклучува банкарско, брокерско и берзанско работење, хотелиерство и управување со недвижнини, енергетска дивизија, која вклучува производство на електрична енергија од обновливи извори (ветер и биомаса) и Дивизија, составена од друштва чие работење е поврзано со обезбедување деловна поддршка за целиот систем на МК групата.

МК групата е присутна во Северна Македонија преку зависното друштво МК Сунтастик ДООЕЛ Скопје, а остварила приходи од прекугранична продажба на месни производи, замрзнат зеленчук и шеќер преку друштва со седиште во Србија – ПИК Бечеј (*PIK Bečej*), Суноко/Кристал Суноко (*Sunoko/Kristal Sunoko*) и Карнекс (*Carnex*).

**Милија Бабовиќ** е основач и единствен член на друштвото Фешн Компани д.о.о. (*Fashion Company d.o.o.*) со седиште на Булевар Михаила Пупина 115б, 11000 Белград, Република Србија. Фешн Компани е меѓу најголемите компании во Србија кои се занимаваат со мода и модна малопродажба и големопродажба со повеќе од 100 малопродажни објекти во Србија и регионот (Црна Гора, Македонија, Хрватска, Романија).

Фешн Компани е присутно во Северна Македонија преку своето зависно друштво Еурофешн Трејд ДОО Скопје, со седиште на адреса Никола Кљусев 6, седми кат, Скопје - Центар, Скопје, кое врши дејност на малопродажба на облека во специјализирани продавници.

**Стефан Бабовиќ** е контролен член на друштвото СБ Агро д.о.о. Београд (*SB Agro d.o.o. Beograd*) Булевар Михаила Пупина 115б, 11000 Белград, Република Србија. СБ Агро е матично друштво на групацијата на компании СБ ("СБ група"). Деловните активности на СБ група се однесуваат на склучување договори за земјоделско производство, како со правни лица, така и со земјоделски производители - подизведувачи, земјоделски фарми за следните култури: јачмен, маслодајна репка, пченица, сончоглед, соја, шеќерна репка и пченка. СБ групата работи исклучиво на територијата на Република Србија.

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666** www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk

Дијамант ДОО Зрењанин е производител на масла за јадење, маргарини, растителни масти, мајонез и деликатеси базирани на мајонез, со седиште во Србија.

Дијамант ДОО Зрењанин нема зависни друштва, филијали или претставници основани во Северна Македонија.

Дијамант ДОО Зрењанин во Република Северна Македонија е присутно со продажба на сончогледово масло за јадење, маргарин, маргарин за мачкање и мајонез.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**